ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број:11-109/10

Дата: 26.07.2012

ДО
КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметката на Основен буџет - 637 за 2011 година на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер (во натамошен текст Комисија).

Не е вршена ревизија за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

Врз основа на резултатите од ревизијата, ние не изразуваме мислење за реалноста и објективноста на билансот на состојба, за билансот на приходи и расходи изразуваме позитивно мислење, додека за усогласеноста на активностите, финансиските трансакции, информациите со релевантната законска регулатива изразуваме мислење со резерва.

Комисијата нема извршено процена на вредноста на просторот што и е доделен на користење, поради што не е воспоставена сметководствена евиденција за објектот.

Направени се расходи по основ на авторски договори, склучени во минати години за кои не ни беа презентирани докази дека договорените работи се изработени, извршени или доставени до Комисијата.

*Ревизорски тим* ______________________ ______________________ ______________________

*Овластен државен ревизор* ______________________

За набавените добра и услуги од 2010 година до април 2011 година, во Комисијата не се спроведувани постапки за јавни набавки.

За утврдените состојби дадовме препораки во насока на преземање мерки за корекција на неправилностите со цел подобрување на квалитетот на финансиските извештаи.

Од страна на законскиот застапник на Комисијата, на ден 02.07.2012 година добиени се Забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност. Забелешките се разгледани и е оценето дека истите не содржат елементи за промена на утврдените состојби во Нацрт извештајот, од причина што доставените забелешки претставуваат известувања за преземените мерки и активности за спроведување на препораките дадени од овластениот државен ревизор.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи прикажани на страните од 13 до 15 заедно со ревизија на усогласеност на сметката на Комисијата на Основен буџет - 637, кои се состојат од Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, биланс на состојба на ден 31 декември, промени во изворите на капиталните средства и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на сметката на Комисијата на Основен буџет - 637 за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од :

- Јанко Николовски – претседател до 15.03.2011 и
- Пеце Ташевски – претседател од 16.03.2011 година

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во

финансиските извештаи се во сите материјални аспекти во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на сметката на Основен буџетот - 637 на Комисијата се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Поради прашањата опишани во делот „Цели и делокруг на ревизија„ ние не бевме во можност да добиеме доволен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење за билансот на состојба.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на:

- финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и
- усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за

добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовка и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.1 на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Не се обезбедени достатни и соодветни податоци за потврдување на реалноста и објективноста на искажаната вредност на градежните објекти односно изворите на капиталните средства на Комисијата. Поради прашањата изнесени погоре, ние не бевме во можност да добиеме доволен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење за Билансот на состојба.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 02.03.2012 до 29.03.2012 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот – предмет на ревизија на ден 06.04.2012 година.

На ден 02.07.2012 година добиени се забелешки по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор, заведени во Државниот завод за ревизија под број 11-109/9.

Забелешките се разгледани и е оценето дека истите не содржат елементи за промена на утврдените состојби во Нацрт извештајот од причина што доставените забелешки се известувања за преземените мерки и активности за спроведување на препораките дадени од ревизијата.

## 3.1. Интерни контроли

3.1.1. При оценка на системот на интерните контроли кај процесот на плаќање, ревизијата констатира дека Комисијата нема воспоставено систем на интерни контроли. Ова се должи на следниве состојби:

- Комисијата нема изготвено пишани процедури за движење на финансиската документација – примање, заведување и доставување во услови кога сметководствената евиденција и подготовката на документацијата за плаќање на обврските се врши од лица вработени во Службата за општи и заеднички и работи на Влада на Република Македонија (во натамошниот текст СОЗР) и
- Не се врши уредно ликвидирање на документацијата односно не е назначено лице за контролирање и потврдување на комплетноста и веродостојноста на финансиските документи.

Утврдените состојби не се во согласност со одредбите од член 7, 14, 15, 16 и 21 од Законот за јавната внатрешна финансиска контрола. Поради невоспоставениот систем на интерни контроли во процесот на плаќање, постои ризик од ненавремено и нецелосно евидентирање на финансиската документација, евидентирање и плаќање на трансакциите врз основа на некомплетна и неуредна сметководствена документација.

**Препорака:**
Одговорното лице на Комисијата да донесе пишани процедури за движењето на финансиската документација, со дефинирани должности на вработените во делот на ликвидирање, контролирање и потврдување на финансиските документи.

## 3.2. Усогласеност со закони и прописи

3.2.1. Со извршениот увид во законската и подзаконската регулатива која ја регулира работата на Комисијата констатиравме дека:

- службите на Комисијата не извршиле усогласување на Статутот и Деловникот за работа по извршените измени и дополнувања во Законот за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер од 12 јануари 2010 година и
- Комисијата нема донесена Програма за работа за 2011 година што не е во согласност со член 32 став 1 алинеа 11 од Законот и член 12 од Статутот на Комисијата. Донесена е програма за работа на Комисијата за 2012 година.

Неусогласеноста на интерните акти со законската регулатива создава можност за преземање активности, вршење дејствија и донесување на акти од страна на Комисијата кои не се во рамките на законски предвидените надлежности.

**Препорака:**
Одговорното лице во Комисијата да преземе активности за усогласување на општите акти со одредбите од Законот.

3.2.2. Службата за општи и заеднички работи на Влада на Република Македонија (СОЗР) за потребите на самостојните органи на државната управа, управните организации, правосудните органи и други државни органи може да врши работи и услуги врз основа на договор со и без надоместок. Во член 5 од Одлуката за основање на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија предвидено е дека видот, обемот, квалитетот, висината на надоместокот, рокот и начинот за извршување на услугите, како и други прашања од значење за навремено и квалитетно извршување на услугите се уредуваат со договор меѓу СОЗР и корисниците на услуги што се склучува најдоцна до 30.06 во тековната година, за наредната фискална година.

Договорот меѓу Комисијата и СОЗР за дефинирање на услугите и работите што СОЗР ќе ги врши за потребите на Комисијата за 2011 година склучен е 11 месеци покасно односно на 16.05.2011 година. За 2012 година, договорот е доставен во февруари 2012 година, кој до периодот на вршењето на ревизијата не е потпишан, а сметководствено – финансиските услуги не се предвидени. Вршењето на услуги од страна на СОЗР без навремено дефинирање и регулирање на меѓусебните права и обврски со Комисијата, создава можност да потребните услуги не се реализираат навремено и квалитетно.

**Препорака:**
Одговорното лице на Комисијата, да преземе активности за навремено доставување нацрт - договор до СОЗР и дефинирање на потребните услуги.

## 3.3. Финансиски извештаи

### Биланс на приходи и расходи

3.3.1. За користење услуги од мобилна телефонија до јуни 2011 година направени се расходи во износ од 251 илјади денари, за кои ревизијата ги утврди следниве состојби:

- донесена е Одлука број 03-274/1 од 08.06.2009 година за утврдување на лимит за 10 вработени лица. Од увидот во деталните сметки приложени кон фактурите, утврдивме дека трошоците за наведениот период се направени од 15 корисници од кои пет корисници не се вработени лица во Комисијата и за истите се исплатени средства во износ од 61 илјади денари;
- одобрените лимити од наведената одлука се двојно поголеми од лимитите кои Владата на РМ ги има утврдено во Одлуката за определување на правото на користење службен мобилен телефон за ограничување на износот на сметката (Службен весник број 119/2009 и 81/2010);
- за повеќе направените трошоци не се вршени запирања од платите од корисниците кои го надминале одобрениот лимит.

На 20.06.2011 година, потпишан е Анекс за пристапување кон Договор број 15-223/20 од 11.04.2011 што СОЗР го има склучено со мобилниот оператор за услуги во мобилната телефонија за корисниците и единки корисници на Централниот Буџет на РМ.

Донесена е Одлука број 04-316/1 од 01.08.2011 година за право на користење на службен мобилен телефон и за ограничување на висината на сметката со која лимитите се намалени и усогласени со Одлуката од Владата на Република Македонија а за повеќе направените трошоци се врши одбивање од платите на вработените поради што ревизијата не дава препорака.

3.3.2. Во текот на 2011 година исплатени се 106 илјади денари по основ на склучени авторски договори од 2010 година. Склучените договори се однесуваат за ангажирање на три лица за изработка на проектна апликација за оперативни системи, за превод од англиски на македонски јазик, како и изработка на авторски текстови за потребите на интернет страницата на Комисијата. На ревизијата не и беа презентирани докази со кои ќе се потврди дека работите кои се предмет на склучените договори се изработени, извршени или се доставени до Комисијата. Ваквата состојба може да создаде услови за ненаменско и незаконско трошење на средствата. Во текот на 2011 година не се склучени вакви договори.

**Препорака:**
Одговорното лице на Комисијата при склучувањето на авторски договори да преземе мерки за следење на реализацијата на договорите согласно одредбите од Законот за авторско право и сродни права.

**Биланс на состојба**

3.3.3. Со ревизија на постојаните средства со кои располага Комисијата, констатирани се следниве состојби:

- Со одлука на Влада на РМ број 19-2947/1 од 19.06.2006 година на Комисијата доделени се на користење 1.065 м2 простор на 14-ти кат од зградата на Македонска Радио Телевизија. Дел од овие простории со Одлука на Влада на Република Македонија број 51-6608/1 од 26.11.2011 година, (500 м2) се преотстапени на користење на друг субјект. Комисијата во текот на 2011 година не располага со имотен лист за просторот што и е доделен на користење, ниту е извршена процена на вредноста на просторот поради што не е воспоставена сметководствена евиденција за објектот;
- Во април 2012 година од страна на Агенцијата за катастар на недвижности извршено е прибележување на промените на недвижностите и издаден е имотен лист, со што на Комисијата и е запишано правото на користење на доделениот имот;
- Со увид во пописните листи и извештајот од спроведениот попис со состојба 31 декември 2011 година, ги утврдивме следниве состојби:
    - пописните листи за основните средства содржат податоци за бројноста на опремата, а не и податоци за нивната вредност што не е во согласност со член 31-а од Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници;
    - утврден е вишок на средства (фотокопир, печатар и уметнички слики) кои поради неизвршено проценување на вредноста не се искажани во евиденција на постојаните средства и
    - не е извршен попис на побарувањата и обврските според состојбата од сметководството, преку проверка и потврдување на реалноста на искажаните износи, иако со Упатството број 01-504/1од 13.12.2011 година за спроведување на пописот за 2011 година, дадени се насоки за нивно попишување.

Утврдените состојби создаваат услови за неусогласеност на фактичката со сметководствената евиденција и можност средствата во финансиските извештаи на Комисијата да не се прикажани реално и објективно.

**Препорака:**

- Одговорното лице на Комисијата да преземе активности за утврдување на вредноста на просторот што се користи и констатираниот вишок на опрема и истите сметководствено да се евидентираат;
- Комисијата за попис доследно да ги применува одредбите од Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници при вршење на пописот.

3.3.4. Со увид во архивските книги за примените фактури, доставната книга за фактури до СОЗР и воспоставената евиденција за обврските кон добавувачите, утврдивме дека истите се евидентираат во моментот на нивно плаќање, а не во моментот на нивното настанување, поради недонесени сметководствени политики од страна на Комисијата, што не е во согласност со одредбите на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Поради ваквата состојба, во сметководствената евиденција на Комисијата не се евидентирани обврски во износ од 402 илјади денари кои се однесуваат за потрошена електрична енергија за 2011 година.

**Препорака:**

Одговорното лице на Комисијата да преземе активности за:

- донесување на сметководствени политики согласно потребите на Комисијата;
- усогласување на обврските најмалку еднаш годишно со цел нивно реално и објективно прикажување во финансиските извештаи.

## 3.4. Користење на средства согласно законски прописи

3.4.1. При увидот во начинот на планирање, спроведување и реализација на постапките за јавни набавки спроведени во 2010 и 2011 година, констатирани се состојби кои упатуваат на недоследно почитување на одредбите на Законот за јавни набавки, поради следново:

- до март 2011 година исплатени се 433 илјади денари за набавка на добра и услуги, дел по фактури од 2010 година, за кои набавки Комисијата нема спроведено постапки за избор на економски оператор согласно Законот за јавни набавки;
- планот за јавни набавки за 2011 година е донесен со задоцнување односно на 27.04.2011 година. Планираните средства потребни за набавки на стоки, услуги и работи ги надминуваат утврдените износи за финансирање на Комисијата утврдени со Буџетот на РМ за 2011

година, што не е во согласност со член 26 став 1 и 2 од Законот за јавни набавки;

- членовите на Комисијата за јавни набавки немаат потпишано изјави за постоење или непостоење на судир на интереси кои се составен дел од документацијата за соодветната постапка за јавна набавка, што не е во согласност со член 173 од Законот за јавни набавки;
- во спроведената постапка за набавка на гориво, во техничката спецификација, Комисијата упатила на конкретно производство што не е во согласност со член 36 од Законот за јавни набавки. Поради ова исклучена е финансиската понуда на еден економски оператор, иако наведеното гориво не претставува задолжителен тип на гориво чија цена е утврдена со одлуките за определување највисока цена на одделни нафтени деривати утврдени согласно Методологијата што ги донесува Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија;
- комисијата нема воспоставено хронолошко следење на реализацијата договорите за јавни набавки, што не е во согласност со член 29 став 2 од Законот за јавни набавки. Ваквата состојба придонесува исплата на средства по цени повисоки од цените во склучените договори, како и плаќање за стоки и услуги кои не се предвидени во истите.

Доделувањето на договорите за јавни набавки без доследно почитување на одредбите од Законот за јавни набавки создава можност од необезбедување фер конкуренција, нееднаква и недискриминаторска положба на понудувачите, транспарентност и јавност при набавките.

**Препорака:**
Одговорното лице на Комисијата да ги задолжи вработените, одговорни за спроведување на постапките за јавни набавки и доделувањето на договорите за јавни набавки, континуирано да ги преземаат потребните активности за надминување на утврдените состојби и да обезбедат законско постапување во процесот на јавни набавки.

**Вкупни ефекти од наодите**

Вкупниот ефект од изнесените констатации во точката 3.3.3 се необезбедени податоци за реално проценување на вредноста на градежните објекти со кои располага Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер.

## 4. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиските извештаи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.3.3. ние не бевме во можност да добиеме достатни соодветни ревизорски докази за да обезбедиме основа за нашето ревизорско мислење. Согласно на тоа, ние не изразуваме мислење за Билансот на состојба на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер - сметка на Основен буџет - 637 на ден 31 декември 2011 година, додека Билансот на приходи и расходи ги прикажува вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер - сметка на Основен буџет - 637 на ден 31 декември 2011 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точките 3.3.1., 3.3.2., и 3.4.1., активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 5. Нагласување на прашања на неизвесност и континуитет

5.1. Комисијата е тужена страна во судски спорови од едно физичко и две правни лица во вкупен износ од 1.009 илјади денари по основ на обврски од тековно работење за кои во моментов, конечниот исход по ова прашање на може да се утврди и не е направено резервирање за било каква обврска која може да произлезе во финансиските извештаи.

5.2. Во текот на вршењето на ревизијата извршени се корекции на одделни позиции искажани во финансиските извештаи за 2011 година поради сметководствени грешки, кои што субјектот ги прифати и евидентира во деловните книги. Извршените корекциите имаат за ефект:

- зголемување на позициите АВР и Обврски спрема добавувачите во износ од 671 илјади денари за износот на неевидентираните обврски од декември 2011 година и
- зголемување на вонбилансните позиции во износ од 2.773 илјади денари за вредноста на опремата што по донесување на соодветен акт треба да се продаде, подари, отуѓи на друг начин или уништи.

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2011 година**

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | **во 000 денари** |
| **Опис на позицијата** | **Образло-жение** | **2011** | **2010** |
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | - | 0 | 13 |
| Трансфери и донации | 3.1.1. | 11,932 | 11,198 |
| **Вкупно приходи** | | **11,932** | **11,211** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.2.1. | 9,225 | 8,472 |
| Стоки и услуги | 3.2.2. | 2,665 | 2,686 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.3. | 42 | 53 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **11,932** | **11,211** |
| **Вкупно расходи** | | **11,932** | **11,211** |

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2011 | 2010 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Побарувања од вработените | 4.1.1. | 30 | 1 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.2. | 1,440 | 726 |
| **Вкупно тековни средства** | | **1,470** | **727** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.2.1. | 648 | 1,457 |
| **Вкупно постојани средства** | | **648** | **1,457** |
| **Вкупна актива** | | **2,118** | **2,184** |
| **Вонбилансна актива** | 5.1. | **2,773** | **0** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 671 | 0 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.2. | 769 | 726 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.3. | 30 | 1 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **1,470** | **727** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 648 | 1,457 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **648** | **1,457** |
| **Вкупна пасива** | | **2,118** | **2,184** |
| **Вонбилансна пасива** | 5.1. | **2,773** | **0** |

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2011 ГОДИНА**

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Состојба 01.01.2011 година** | **1,457** | **0** | **1,457** |
| | | | |
| **Зголемување по основ на:** | **50** | **0** | **50** |
| Набавки | - | - | **0** |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | - | - | **0** |
| Ревалоризација на капитални | 50 | | **50** |
| | | | |
| **Намалување по основ на:** | **859** | **0** | **859** |
| Отпис на капитални средства | 45 | | **45** |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | - | - | **0** |
| Амортизација | 814 | | **814** |
| | | | |
| **Состојба 31.12.2011 година** | **648** | **0** | **648** |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО ЗА СЛОБОДЕН
ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Бр. 03 - 305/2

Скопје, 27 . 06 . 2012 година

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ
Примено: 02 . 07 . 2012
Орг. единица: 11 | Број: 109/9 | Прилог:

До

**Државен завод за ревизија**

**Ул. „Македонија“ бр. 12/3**

**Скопје**

**ПРЕДМЕТ**: Известување
**ВРСКА**: Доставување на Нацрт извештаи бр. 11-109/5 од 28.05.2012 година

Почитувани,

Во врска со Вашиот допис со горенаведениот број и датум, доставен до Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер, каде е заведен под бр.03-305/1 на 04.06.2012 година, Комисијата Ве известува за следното:

**Резиме**: Во Резимето на Нацрт извештајот бр. 11-109/3 за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2011 година на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер – Сметка на основен буџет – 637, наведено е дека Комисијата нема извршено процена на вредноста на просторот што и е доделен на користење, поради што не е воспоставена сметководствена евиденција за објектот. Согласно обврските кои произлегоа од ревизијата, Комисијата достави на мислење Информација за вршење на процена на вредноста на движен и недвижен имот до Секретаријатот за законодавство на Владата на Република Македонија, до Министерството за финансии, Министерството за правда и до Бирото за судски вештачења. До Комисијата пристигнаа мислења од Секретаријатот за законодавство и од Министерството за финансии. Се очекува по добивањето на останатите мислења, во кус временски период Владата да го задолжи Бирото за судски вештачења да ја изврши наведената процена, по што ќе се воспостави сметководствена евиденција за објектот.

**3.1.** Комисијата постапува по Вашата препорака во делот 3.1. Интерни контроли и изготвува пишани процедури за движењето на финансиската документација, со дефинирање на должностите на вработените во делот на ликвидирање, контролирање и потврдување на финансиските документи.

**3.2.** Постапувајќи по препораката од делот 3.2. Усогласеност со закони и прописи, Комисијата презеде активности за усогласување на општите акти со одредбите од Законот.

Гоце Делчев бр.8 Скопје – Goce Delcev br.8 Skopje тел./phone: +389 2 3127 453 факс/fax: +389 2 3118 038, 3114 695, 3117 401
Web: http://www.komspi.mk/ e-mail: komspi@komspi.mk

Деловникот за работа на Комисијата е усогласен на седница на Комисијата, одржана на 29.05.2012 година и од истиот во прилог на ова Известување Ви доставуваме фотокопија. Со член 19 од Законот за изменување и дополнување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија" бр.6/10), престана обврската на Комисијата да донесува Статут на Комисијата.

**3.2.2.** Комисијата, исто така, постапи согласно препораката од делот 3.2.2 од Нацрт извештајот и до Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија достави Нацрт договор за дефинирање на услугите и работите што СОЗР ќе ги врши за потребите на Комисијата за 2013 година. Нацрт договорот Ви го доставуваме во прилог.

**3.3.3.** Во врска со Вашата препорака од делот 3.3.3 Комисијата ги презема соодветните мерки, а севкупните активности ќе бидат завршени по извршувањето на процена на вредноста на движен и недвижен имот од страна на Бирото за судски вештачења.

**3.3.4.** Комисијата презема активности и по препораката од делот 3.3.4 и во тек е постапката за донесување на сметководствени политики (процедури за благајничко работење), како и за усогласување на обврските и нивно реално и објективно прикажување во финансиските извештаи најмалку еднаш годишно.

**3.4.1.** Што се однесува до препораката од делот 3.4.1. Комисијата Ве известува дека во иднина при спроведувањето на постапки за јавни набавки и доделувањето на договорите за јавни набавки ќе ги има во предвид препораките од Нацрт извештајот. Планот за јавни набавки ќе биде донесен навреме и планираните средства потребни за набавка на стоки, услуги и работи нема да ги надминуваат утврдените износи за финансирање на Комисијата утврдени со Буџетот на РМ. Во врска со примената на членот 29 став 2 од Законот за јавни набавки Ве известуваме дека претседателот на Комисијата донесе Решение за определување лице за вршење на работите поврзани со јавните набавки. Во прилог Ви доставуваме фотокопија од наведеното Решение.

**Вкупни ефекти од наодите**. Како за делот 3.3.3, така и за делот – Вкупни ефекти од наодите, Комисијата го дава истиот одговор, односно дека ги презема соодветните мерки, а севкупните активности ќе бидат завршени по извршувањето на процена на вредноста на движен и недвижен имот од страна на Бирото за судски вештачења.

**5.** На крајот, во врска со делот 5. Нагласување на прашања на неизвесност и континуитет, Комисијата Ве известува дека судскиот спор од работен однос во кој Комисијата е тужена страна, а тужител е физичко лице е завршен со Пресуда на Апелациониот суд Скопје од 28.04.2011 година, со која Жалбата на Комисијата се усвојува, Пресудата на Основниот суд Скопје 2 Скопје се преиначува.Тужбеното барање на тужителот се одбива како неосновано и се задолжува тужителот да му ги надомести трошоците на тужениот во вкупен износ од 50.700,00 денари. Комисијата со допис П.бр.998/10 од 21.06.2012 година е известена дека Државното правобранителство ја доставило Пресудата до Управата за јавни приходи – Генерална дирекција, со цел да се изврши присилна наплата на трошоците сторени во текот на постапката. Прилог: фотокопија од наведените дописи.

Во врска со Нацрт извештајот бр. 11-109/4 за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2011 година на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер – Сметка на буџет на донации – 785, Комисијата нема забелешки.

Со почит,

**Претседател,**
**Цеце Ташевски**

Подготвил:Цвета Трајковска

**Прилог 2**

**ОДГОВОР**
**на забелешки на Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор**

Раководното лице, законскиот застапник на субјектот за периодот за кој е вршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Комисија за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер - сметка на основен буџет (637), на ден 02.07.2012 година достави Забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор кои се заведени под број 11-109/9 од 02.07.2012 година.

Овластениот државен ревизор ги разгледа Забелешките на Нацрт извештајот и по истите се произнесе како што следува:

1. Упатената забелешка на Резимето во делот кој укажува дека Комисијата нема извршено процена на вредноста на просторот кој и е доделен на користење, **претставува известување** за преземаните активности од страна на Комисијата во насока на спроведување на дадената препорака по констатираната состојба во точката 3.3.3. Комисијата известува дека доставила мислење - Информација за вршење на процена на вредноста на движен и недвижен имот до Секретаријатот за законодавство на Владата на Република Македонија, Министерство за финансии, Министерство за правда и Биро за судски вештачења и по добивање на мислењата, се очекува Владата на Република Македонија да го задолжи Бирото за судски вештачења да ја изврши проценка на просторот што Комисијата го користи.

2. Упатената забелешка на препораката на констатираната состојба од **точка 3.1.** кој се однесува на невоспоставен систем на интерни контроли кај процесот на плаќање **претставува известување** за превземени мерки и активности, односно известува дека во тек е изготвување на пишани процедури за движењето на финансиската документација со дефинирање на должностите на вработените во делот на ликвидирање, контролирање и потврдување на финансиските документи.

3. Упатената забелешка на препораката на констатираната состојба од **точка 3.2.1.** која се однесува на констатираните неусогласувања на Статутот и Деловникот за работа на Комисијата со измени и дополнувања во Законот за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер **претставува известување** за прифаќање на препораката и преземање активности за нивно усогласување.

---

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ____________________________

*2.* ____________________________ ______________________

*3.* ____________________________

4. Упатената забелешка препораката на констатираната состојба од **точка 3.2.2.** која се однесува на потребата од склучување на договор меѓу Комисијата и Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија во однос на утврдување на видот, обемот, квалитетот, висината на надоместокот, рокот и начинот за извршување на услугите, како и други прашања од значење за навремено и квалитетно извршување на услугите од Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија во корист на Комисијата **претставува известување** за прифаќање и спроведување на препораката. Во прилог на забелешките доставен е Нацрт договор што Комисијата го доставила до Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија за дефинирање на работите и услугите што Службата ќе ги врши за Комисијата во 2013 година.

5. Упатената забелешка на препораката на констатираната состојба од **точка 3.3.3.** кој се однесува на неизвршената процена на вредноста на просторот што на Комисијата и е доделен на користење **претставува известување** за постапување по дадената препорака, образложено во точка 1. погоре.

6. Упатената забелешка на препораката на констатираната состојба од **точка 3.3.4.** кој се однесува на неевидентирани обврски поради недонесени сметководствени политики **претставува известување** за постапување по дадената препорака односно дека во тек е постапката за донесување на сметководствени политики.

7. Упатената забелешка на препораката на констатираната состојба од **точка 3.4.1.** кој се однесува примена на Законот за јавни набавки во однос на ненавремено донесување на планот за јавни набавки, неусогласеност на планираните средства потребни за набавки на стоки, услуги и работи со износите за финансирање на Комисијата утврдени со Буџетот на РМ за 2011 година, не воспоставено хронолошко следење на реализацијата договорите за јавни набавки **претставува известување** за постапување по дадената препорака. Во прилог доставена е фотокопија од решение за определување на лице за вршење на работите поврзани со јавните набавки како доказ за прифаќање и спроведување на дадената препорака.

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ____________________________

*2.* ____________________________ ______________________

*3.* ____________________________

8. Упатената забелешка на поглавјето **Вкупни ефекти од наодите,** кој се однесува за необезбедени податоци за реално проценување на вредноста на градежниот објект со кој располага Комисијата, **претставува известување** за постапување. Превземени се мерки во насока на ангажирање  на Бирото за судски вештачења за проценување на вредноста на градежниот објект со кој располага Комисијата, што за резултат ќе има негово сметководствено евидентирање.

9. Упатената забелешка на поглавје **Нагласување на прашања на неизвесност и континуитет**, **точка 5.1.** во делот на отворените судски спорови во 2011 година, претставува **известување** за решен спор во корист на Комисијата што ќе има за ефект надомест на судските трошоци.

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ____________________________

*2.* ____________________________ ______________________

*3.*____________________________